# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.

Сабота, 30 декември 1967
Скопје
Број 44 Год. XXIII.

Претплатата за 1967 год. изнесува 45 (4.500) дин. Овој број чини 1,60 (160) дин. Жиро сметка бр. 401-1-16.


**401.**

Врз основа на член 513 став 4, а во врска со став 1 од Законикот за кривичната постапка („Службен лист на СФРЈ“ бр. 50/67), Републичкиот секретаријат за правосудство донесува

### РЕШЕНИЕ
### ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО СО КОЕ СЕ ОПРЕДЕЛУВААТ ОПШТИНСКИТЕ СУДОВИ ВО КОИ РАБОТИТЕ ОД НАДЛЕЖНОСТА НА СОВЕТОТ ПРЕДВИДЕНИ ВО ЧЛЕН 18 СТАВ 3 ОД ЗКП ДА ГИ ВРШАТ СОВЕТИТЕ НА ОКРУЖНИТЕ СУДОВИ

Во решението со кое се определуваат работите од надлежноста на советот предвидени во член 18 став 3 од Законикот за кривичната постапка на поедини општински судови да ги вршат советите на окружните судови предвидени во член 20 став 2 од ЗКП („Службен весник на СРМ“ бр. 20/67) во точката 2 по зборот „Кратово“ се брише буквата „и“, а по зборот „Крива Паланка“ се става запирка и се додаваат зборовите: „Гостивар и Кичево“.

Во точката 3 по зборот „Радовиш“ се брише буквата „и“, а по зборот „Св. Николе“ се брише точката и се додава зборот: „и Кочани“.

Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 01-727/2
19 декември 1967 година
Скопје

Републички секретар
за правосудство,
**Таип Таипи,** с. р.

---

**402.**

Врз основа на член 40 став 2 од Правилникот за условите и начинот за вршење задолжителна имунизација против заразните болести („Службен лист на СФРЈ“, бр. 2/65), републичкиот секретар за народно здравје и социјална политика на предлог на Републичкиот завод за здравствена заштита ја донесува следната

### ПРОГРАМА
### ЗА ИМУНИЗАЦИЈА НА НАСЕЛЕНИЕТО ПРОТИВ ЗАРАЗНИТЕ БОЛЕСТИ ВО 1968 ГОДИНА

1. Имунизацијата на населението против одредени заразни болести, согласно со член 45 став 1 и 4 од Правилникот за условите и начинот за вршење задолжителна имунизација против заразните болести (Правилник), се врши во текот на целата година (континуирано) и во определени временски периоди (кампањски).

2. Задолжителната имунизација се врши континуирано на сите лица од 0 до 19-годишна возраст против големата сипаница (Variola vera), активната туберкулоза (Tuberculosis activa), дифтеријата (Diphtheria), тетанусот (Tetanus), детската парализа (Poliomyelitis acuta) и големата кашлица (Pertussis) на начин утврден во Правилникот и во Упатството за начинот на имунизацијата и контролата на резултатите од имунизацијата против определени заразни болести (Упатство) и тоа:

а) против детската парализа — од 1 јануари до 30 јуни и од 1 октомври до 31 декември со тритипна вакцина;

б) против останатите горе наведени болести — во текот на целата година.

Имунизацијата против болестите од претходниот став се извршува за секое лице според следниот:

КАЛЕНДАР НА ИМУНИЗИРАЊАТА

| Возраст на лицето што подлежи на имунизација | Болеста против која се врши имунизација | Имунизирање: — вакцинирање — ревакцинирање |
|---|---|---|
| до 2 месеца | Туберкулоза (без тестирање) | вакцинирање |
| 4,5 и 6 месеци | Дифтерија-тетанус-пертусис (три дози) | вакцинирање |
| 4,5½ и 7 м. | Детска парализа (три дози тритипна вакцина) | вакцинирање |
| 10 месеци | Голема сипаница | вакцинирање |
| 18 месеци | Дифтерија-тетанус-пертусис (една доза) | I ревакцинирање |
| 20 месеци | Детска парализа (една доза тритипна вакцина) | I ревакцинирање |
| 2 години | Туберкулоза (со тестирање) | I ревакцинирање |
| 4 години | Детска парализа (една доза тритипна вакцина) | II ревакцинирање |
| 5 години | Дифтерија-тетанус-пертусис (една доза) | II ревакцинирање |
| 7 години | Голема сипаница | I ревакцинирање |
| | Туберкулоза | II ревакцинирање |
| | Детска парализа една доза тритипна вакцина) | III ревакцинирање |
| 8 години | Дифтерија-тетанус (една доза) | III ревакцинирање |
| 13 години | Тетанус | IV ревакцинирање |
| | Туберкулоза | III ревакцинирање |
| 14 години | Голема сипаница | II ревакцинирање |
| 19 години | Туберкулоза | IV ревакцинирање |
| | Тетанус | V ревакцинирање |

Лицата што подлежат на задолжително имунизирање ќе бидат вакцинирани односно ревакцинирани во текот на целата календарска 1968 година против одредените во календарот заразни болести тогаш кога ќе ја наврвшат возраста наведена во календарот на имунизацијата, водејќи притоа сметка за медицинските контраиндикации, интер-

валот помеѓу имунизирањата против поедини заразни болести и за другите услови, пропишани со Правилникот.

3. На кампањски начин се врши задолжителна имунизација (вакцинација и ревакцинација) против следните заразни болести и над следните групи лица:

а) против туберкулозата се имунизираат со БСЖ вакцина сите лица повозрасни од 19 години, кои работат во антитуберкулозни диспанзери и други установи за дијагностика и лекување од туберкулозата, ако не реагираат на туберкулин и ако од последното имунизирање изминало најмалку една година;

б) против цревниот тифус (Typhus abdominalis) и паратифусот (Paratyphus) се имунизираат сите лица:

— кои работат во бактериолошки лаборатории, болници и одделенија за лекување на болни од заразни болести;

— кои работат на одржување на чистотата во населените места (поправка на канализација, чистење на нужнички јами, отстранување на отпадни материи од населбите и сл.);

— кои учествуваат на младински работни акции или кои работат на големи градилишта и земјоделски стопанства.

Лицата кои за прв пат се имунизираат против цревен тифус и паратифус се вакцинираат со три дози комбинирана вакцина против цревен тифус, паратифус и тетанус, а лицата кај кои изминало најмалку три години од вакцинирањето ќе се ревакцинираат со една доза од гореспоменатата комбинирана вакцина;

в) против големата сипаница (Variola vera) се имунизираат сите лица:

— кои работат во сообраќајот и во објектите на меѓународниот железнички, друмски и воздушен сообраќај;

— кои како претставници на органите за внатрешни работи и на царинската служба работат во пограничните места преку кои се врши меѓународен железнички и друмски сообраќај;

— кои како медицински персонал во органите на санитарната инспекција вршат здравствен надзор на границата, персоналот на работа во микробиолошките лаборатории и здравствените установи, кој доаѓа во допир со болни или со нивните предмети, освен персоналот кој е на работа во установи за лекување на болни од туберкулоза и во родилните домови;

— кои доаѓаат од подрачја каде има голема сипаница, ако овие лица немаат пропишано уверение дека се вакцинирани според одредбите од Меѓународниот санитарен правилник, како и лицата кои патуваат во земја во која има голема сипаница, или во земја која бара имунизација против оваа болест.

Оние лица кои не се примарно вакцинирани се вакцинираат, а другите лица кај кои од примарното вакцинирање поминало најмалку три години се ревакцинираат;

г) против беснило (Lyssa) се имунизираат сите лица што ќе бидат повредени од бесно животно или од животно за кое се сомнева дека е бесно.

4. Оваа програма влегува во сила следниот ден по нејзиното објавување во „Службен весник на СРМ".

Републички секретар
за народно здравје и социјална
политика,
**Димитар Герасимовски**, с. р.

**403.**

Врз основа на член 67 и 68 од Законот за здравственото осигурување на земјоделците („Службен весник на СРМ" бр. 14/67), Собранието на Републичката заедница за социјално осигурување на земјоделците на седницата одржана на 28 декември 1967 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАДОЛЖИТЕЛНОТО ЗДРАВСТВЕНО РЕОСИГУРУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ ЗА 1968 ГОДИНА

I

Под ризици за кои се обезбедуваат надоместоци од фондот за задолжително здравствено реосигурување на земјоделците во смисла на оваа одлука се сметаат:

1) поголеми трошоци за стационарно лекување од душевни болести;

2) поголеми трошоци за стационарно лекување на деца до 3 годишна возраст;

3) поголеми трошоци за стационарно лекување од ТБЦ и малигни тумори;

4) поголеми расходи за здравствена заштита како последица од елементарни непогоди и епидемии.

II

Како реосигуран случај за болестите наведени во точката I под 1, 2 и 3 се смета секој ден на стационарно лекување над републичкиот просек.

Фактот дека се извршени поголеми расходи за здравствена заштита како последица од елементарни непогоди и епидемии од точката I под 4, ги утврдува Собранието на Републичката заедница за социјално осигурување на земјоделците.

III

Надоместокот за ризиците од точката I под 1, 2 и 3 од оваа одлука, ќе се врши за секој ден на стационарно лекување над републичкиот просек во височина на стварните трошоци на фондот на соодветната комунална заедница за социјално осигурување на земјоделците.

Надоместокот од претходниот став се зголемува за процентот за кој придонесите од здравственото осигурување кај одделни комунални заедници во просек по едно осигурено лице се помали од републичкиот просек на тие придонеси. Во случај кога тие придонеси во просек по едно осигурено лице се поголеми од републичкиот просек, надоместокот се намалува за процентот за кој приходите кај одделни комунални заедници го надминуваат републичкиот просек.

IV

Височината на надоместокот за случаите на задолжителното здравствено реосигурување од точката I под 4 од оваа одлука ја утврдува Собранието на Републичката заедница за социјално осигурување на земјоделците на предлог од стручна комисија.

V

За реосигурување се плаќаат премии според Тарифата на премиите за задолжително здравствено реосигурување на земјоделците за 1968 година.

VI

Барањата за надоместоци од Фондот за задолжително здравствено реосигурување на земјоделците, комуналните заводи за социјално осигурување ги поднесуваат по истекот на секое тримесечје.

Барањата за надоместоци се поднесуваат поодделно за секоја комунална заедница за социјално осигурување на земјоделците.

VII

Надоместоците од Фондот за реосигурување ќе се пресметуваат на крајот на секое тримесечје за целиот период од почетокот на годината.

VIII

Поблиски упатства за начинот на спроведувањето на оваа одлука ќе донесе Републичкиот завод за социјално осигурување.

IX

Оваа одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 02-3418/1
28 декември 1967 година
Скопје

Претседател,
**Ѓорѓи Анастасов,** с. р.

**404.**

Врз основа на член 66 од Законот за здравственото осигурување на земјоделците („Службен весник на СРМ" бр. 14/67) и членот 91 од Основниот закон за организација и финансирање на социјалното осигурување („Службен лист на СФРЈ" бр. 24/65, 57/65, 29/66, 52/66 и 12/67), Собранието на Републичката заедница за социјално осигурување на земјоделците на седницата одржана на 28 декември 1967 година, донесе

## ТАРИФА НА ПРЕМИИТЕ ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНО ЗДРАВСТВЕНО РЕОСИГУРУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ ЗА 1968 ГОДИНА

1. Премиите за задолжително здравствено реосигурување (во натамошниот текст: премии за реосигурување) за ризиците на здравственото осигурување на земјоделците предвидени со Одлуката за спроведување на задолжителното здравствено реосигурување за 1968 година ќе се пресметуваат и уплатуваат по стопите определени со оваа тарифа.

2. Премиите за реосигурување изнесуваат:

— за поголеми трошоци во стационарното лекување од душевни болести 2,04%;

— за поголеми трошоци во стационарното лекување на деца до 3 годишна возраст 0,89%;

— за поголеми трошоци во стационарното лекување од болестите ТБЦ и малигни тумори 1,00%, и

— за поголеми расходи на здравствената заштита како последица на елементарни непогоди и епидемии 0,36%.

3. Премиите за реосигурување ќе се пресметуваат од основицата што ја сочинува извршениот облог на придонесот за здравственото осигурување на земјоделците за 1968 година.

4. Оваа тарифа влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 02-3419/1
28 декември 1967 година
Скопје

Претседател,
**Ѓорѓи Анастасов,** с. р.

# *Огласен дел*

## СУДСКИ ОГЛАСИ

### ОПШТИНСКИ СУД СКОПЈЕ I

Општинскиот суд Скопје I ги известува сите заинтересирани граѓани и правни лица дека во спорот за сопственост, по тужбата на Диовски Андон против тужените Хасан Мемед, Али Есма и Јајовски Шефки, сите со непознато место на живеење, за привремен застапник е поставен Примислав Марковиќ, адвокат од Скопје, во смисла на чл. 77 од ЗПП. Се предупредуваат сите заинтересирани лица дека привремениот застапник ќе ги застапува тужените во постапката, сè додека не се појават пред судот тужените, или нивниот полномошник, односно додека органот на старателство не го извести судот дека поставил старател.

Од Општинскиот суд Скопје I, П. бр. 4068/66 од 4. XII. 1967 година. (108)

### ОКРУЖЕН СУД ВО БИТОЛА

Видосава Гашпарец од Битола, ул. „Маршал Тито" 154, поднесе тужба за развод на бракот против Бранко Гашпарец, од Битола, ул. „Томе Петровски" бр. 13, а сега во Франција со непозната адреса. Се поканува тужениот, во срок од 30 дена од објавувањето на овој оглас во „Службен весник на СРМ" да се јави или да одреди свој застапник. Во противно ќе му биде одреден застапник по службена должност.

Од Окружниот суд во Битола, П. бр. 700/67. (111)

---

Илиевска Аспасија од Битола, ул. „Београд", бр. 39, поднесе тужба за развод на бракот против Илиевски Ѓорѓи од Битола, сега со непознато место на живеење. Бидејќи тужениот е со непозната адреса, се поканува во срок од 30 дена од објавувањето на овој оглас во „Службен весник на СРМ" да се јави или да одреди свој застапник. Во противно ќе му биде одреден застапник по службена должност.

Од Окружниот суд во Битола, П. бр. 692/67. (112)

### ОПШТИНСКИ СУД ВО ПРИЛЕП

При Општинскиот суд во Прилеп се води постапка за докажување прогласувањето за умрен-убиен, Јанкуловски Трајков Петре од с. Витолиште, Прилепско, за кого се претпоставува дека умрел-загинал, во октомври 1948 година кај селото Витолиште.

Се поканува секое лице што знае за него, да јави на Општинскиот суд во Прилеп, во срок од 3 месеци по објавувањето на овој оглас во „Службен весник на СРМ".

Од Општинскиот суд во Прилеп, Р. бр. 738/67. (109)

---

При Општинскиот суд во Прилеп се води постапка за докажување на загубено свидетелство за завршен трети клас Вечерна занаетчиско-трговска школа во Прилеп, во учебната 1920/21 година, на име Калпаковски Ѓоргиев Коста, од Скопје, ул. „892" — 65, населба „Бутел II".

Се поканува секое лице што го нашло или ќе го пронајде горенаведеното свидетелство, да јави на Општинскиот суд во Прилеп, во срок од 3 месеци по објавувањето на овој оглас во „Службен весник на СРМ".

Од Општинскиот суд во Прилеп, Р. бр. 1127/67. (110)

## РЕГИСТАР НА УСТАНОВИТЕ

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на установите страна 121, реден број 3 е запишана промената на фирмата на Основното училиште „Маршал Тито" од Штип, кое ќе се вика Централно основно училиште „Јосип Броз Тито", со седиште во Штип.

Истовремено се сменија и досегашните потписници на училиштето: Методи Јованов Милев, директор, и Александар Петров, в. д. директор. За директор е именуван Ѓорѓи Зигов, кој е овластен да го претставува и потпишува училиштето.

Промената на фирмата и потписниците е запишана во регистарот врз основа одлуката бр. 607 од 19. X. 1966 година на Советот на установата и решението бр. 863 од 5. IX. 1966 година на истиот совет.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Ус. бр. 15/67. (870)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите рег. бр. 133, страна 754, книга I, е запишано следното: Досегашниот директор на Медицинскиот центар — Неготино д-р Јордан Петров е разрешен од должност и му престанува правото за потпишување.

За в. д. директор на Медицинскиот центар — Неготино е назначен д-р Владимир Пасинечки, кој установата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува во границите на овластувањето со стариот регистриран потписник Милица Петрова.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 50 од 16. VI. 1967 година. (964)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека на 28. VII. 1967 година во регистарот на установите рег. бр. 71/66 е запишано следното: Му престанува овластувањето за потпишување на Никола Попоски, директор на Педагошката академија во Битола.

Се овластува д-р Јонче Дамјановски, директор, да ја потпишува установата.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Ус. бр. 90/66. (1320)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека на 20. VII. 1967 година во регистарот на установите рег. бр. 101/65 е запишано следното: Му престанува овластувањето за потпишување на Ристе Крунтовски, директор на Училишниот центар за стручно образование на земјоделски кадри „Јосиф Јосифовски Свештарот" од Ресен.

Се овластува Никола Наумовски, в. д. директор да ја потпишува установата.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Ус. бр. 27/67. (1321)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите рег. бр. 177, страна 928, книга I, е запишано следното: Досегашниот в. д. директор на Ученичкиот дом „Професор Мијалковиќ" — Куманово, Серафимовски Сенесиев Чедомир е разрешен од должност и му престанува правото за потпишување.

За директор на Ученичкиот дом „Професор Мијалковиќ" — Куманово е назначен Дионизовиќ Арсов Љубомир, кој установата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува во границите на овластувањето, сметано од 4. V. 1967 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 47 од 31. V. 1967 година. (916)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 514, страна 99, книга III, е запишано следното: Досегашниот в. д. директор на Рибникот за пастрмки „Вруток" — Гостивар, Војо Стрезовски е разрешен од должност и му престанува правото за потпишување.

За директор на Рибникот за пастрмки „Вруток" — Гостивар е именуван инженер Павле Чепујноски, кој установата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува во границите на овластувањето, со новоназначените потписници и тоа: Благоја Чипровски, шеф на сметководството и Војо Стрезовски, член — техничар, сметано од 18. IV. 1967 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 42 од 21. IV. 1967 година. (758)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на установите на 13. I. 1967 година, страна 79, реден број 2, е запишано прераснувањето на Основното училиште „Гоце Делчев" од с. Г. Подлог, Кочанско во Самостојно осумгодишно училиште од I до VIII одделение „Гоце Делчев" с. Г. Подлог, Кочанско.

Училиштето ќе ги опфаќа и подрачјата на селата Д. Подлог и Мојанци.

Прераснувањето на училиштето е запишано во регистарот врз основа решението бр. 379 од 2. XII. 1966 година на Собранието на општината Кочани.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Ус. бр. 1/67. (863)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите рег. бр. 88, страна 574, книга I, е запишано следното: Дејноста на Реонската станица за заштита на растенијата — Титов Велес, согласно одлуката на советот на работната заедница и согласноста бр. 2930 од 12. V. 1967 година на Собранието на општината Титов Велес се проширува и со: купопродажба на хемиски средства, вештачки ѓубрива, земјоделски семиња апарати и резервни делови за заштита на растенијата.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 77 од 23. VIII. 1967 година. (1427)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите рег. бр. 11, страна 41, книга I е запишано следното: Дејноста на Заводот за унапредување на градежништвото, градежната и неметалната индустрија на СРМ — Скопје, согласно одлуката бр. 01-129 од 18. III. 1966 година на советот на работната заедница, економската оправданост и заклучокот — согласноста од 27. VI. 1967 година на Стопанската комора на Македонија од деветтата седница во иднина се проширува и со: Студии, планови, анализи и експертизи; организационо унапредување; технолошко проектирање и истражување на унапредувањето; технички и технолошки надзор; санирање на организации од областа на градежништвото; разработка на пазарот, коњунктурна служба; експериментални објекти и друго. и организирање на семинари и курсеви за специјализација на запослените стручни кадри.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 93 од 28. IX. 1967 година. (1572)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите рег. бр. 545, страна 227, книга III е запишано следното: Досегашниот директор на Управата за комунално уредување на градежно земјиште — Македонски Брод, Цветановски Симе е разрешен од должност и му престанува правото за потпишување.

За директор на Управата за комунално уредување на градежното земјиште — Македонски Брод е назначен Костадиновски Симо, градежен техничар, кој установата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува во границите на овластувањето, сметано од 16. VII. 1967 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 66 од 27. VII. 1967 година. (1425)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите рег. бр. 18, страна 73 е запишано следното: Досегашниот потписник на Специјалната болница за белодробна туберкулоза, село Јасеново, Ираковски Ристо, пом. управник е разрешен од должност и му престанува правото за потпишување.

За нов потписник на Специјалната болница за белодробна туберкулоза, село Јасеново, е назначен Кртев Асен Никола, помошник директор, кој установата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува во границите на овластувањето, со старите регистрирани потписници и тоа примариус д-р Ѓорѓи Поп Андов, директор, и Димовски Богдан Раде, шеф на сметководството, сметано од 28. VIII. 1967 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 81 од 31. VIII. 1967 година. (1426)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите рег. бр. 504, страна 53, книга III е запишано следното: Покрај досегашниот потписник на Здравствената станица „Меркур-импорт" — Скопје д-р Тома Јаневски, в. д. ди-

ректор истата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува во границите на овластувањето и новоназначениот потписник Коцева Таска, медицинска сестра, сметано од 31. V. 1967 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 54 од 13. VI. 1967 година. (1122)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите рег. бр. 551, страна 251, книга III е запишано следното: Досегашниот потписник на Здравствениот дом — Македонски Брод, Живко Велковски, в. д. директор е разрешен од должност и му престанува правото за потпишување.

За директор на Здравствениот дом — Македонски Брод е назначен д-р Богољуб Андоновски, кој установата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува во границите на овластувањето со новоназначените потписници и тоа: Чедомир Стојановски, помошник директор, и Лазевски Драгомир, шеф на сметководството, сметано од 7. VI. 1967 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 58 од 22. VI. 1967 година. (1220)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на установите рег. бр. 62/66, е запишано следното: Му престанува овластувањето за потпишување на Основното училиште „Борка Талески" с. Витолиште, на Дарковски Стојан.

Се овластува за потпишување на установата Беличовски Благоја, директор.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Ус. бр. 35/67. (1433)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на установите на 31. VIII. 1967 година рег. бр. 104/65 е запишано следното: Се проширува дејноста на Домот за народно здравје во Ресен уште со подготвување лекови по рецепти од лекарите и издавање лекарства.

Оваа дејност ја обавуваше Народната аптека „5 ноември" од Ресен, која е присоединета кон Домот за народно здравје во Ресен.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Ус. бр. 34/67. (1434)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на установите на 15. VIII. 1967 година рег. бр. 99/65 е запишано следното: Народната аптека „5 ноември" од Ресен престана со својата работа, поради присоединување кон Домот за народно здравје — Ресен.

Оваа промена е извршена врз основа одлуката бр. 202 од 22. IV. 1967 година на работната заедница на Народната аптека „5 ноември" од Ресен, одлуката бр. 01-409 од 19. V. 1967 година на советот на Здравствениот дом во Ресен и решението бр. 01-5946/1 од 12. VII. 1967 година од Собранието на општината Ресен.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Ус. бр. 33/67. (1435)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 555, страна 281, книга III е запишан под фирма: Центар за култура и информации на Скопје — Скопје, ул. „Моша Пијаде" број 1. Предмет на работењето на Центарот е: да ги запознава граѓаните со постигнувањата во областа на културата во нашата земја и Скопје и да ги информира за најактуелните проблеми во оваа област во светот; преку своите сервиси да им става на располагање на разни установи, организации и поединци: филмови, дијапозитиви, дијафилмови, киноапаратури, фотографии, грамофонски плочи, грамофони, магнетофони, ноти, средства за нагледна настава и друго; да организира филмски претстави од просветен пропаганден карактер и да се занимава со проширување кинофикацијата на наставата; да организира фотоизложби за запознавање со актуелните настани во нашата земја и во светот; да организира разни тематски изложби и предавања; да посредува во прибавување на културно-пропагандни средства од домашни и странски услови итн.

Центарот е основан од Градското собрание на Скопје на 31-та заедничка седница на Градскиот собор и Соборот на работните заедници одржана на 28. VI. 1967 година со одлука бр. 6613/1 од 28. VI. 1967 година.

Установата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува во границите на овластувањето Ципунов Методија, в. д. директор.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 87 од 20. IX. 1967 година. (1473)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите рег. бр. 510, страна 79, книга III е запишано следното: Досегашниот директор на Комуналниот завод за социјално осигурување — Гостивар, Петре Богучевски е разрешен од должност и му престанува правото за потпишување.

За нов директор на Заводот е именуван Михајловски Душан, кој Заводот ќе го потпишува, задолжува и раздолжува во границите на овластувањето, со старите регистрирани потписници и тоа Томе Андоновски, секретар и Сотир Сотировски, шеф на сметководството.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 78 од 25. VIII. 1967 година. (1497)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите рег. бр. 547, страна 235, книга III е запишано следното: Бањското лекувалиште „Катлановска Бања" — Катлановска Бања, Скопје, со решение бр. 02—29/207 од 9. VIII. 1967 година на Собранието на општината Кале, Скопје, се става под присилна управа.

На досегашниот директор Сотир Павловски му престанува правото за потпишување, бидејќи е разрешен од должност.

За присилен управник на Бањското лекувалиште „Катлановска Бања" — Катлановска Бања, е назначен Кралевски Боро, кој исто така ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува во границите на овластувањето со новоназначениот потписник Зафировски Стојан, шеф на сметководството, сметано од 29. VIII. 1967 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 82 од 29. IX. 1967 година. (1498)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на установите на 11. IX. 1967 година, рег. бр. 95/65 е запишано следното: Му престанува овластувањето за потпишување на д-р Христо Христов, в. д. директор на Медицинскиот центар во Битола.

Се овластува примариусот д-р Димитар Котевски, директор, да ја потпишува установата.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Ус. бр. 37/67. (1536)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 293, страна 201, книга II е запишано следното: Фирмата на Работничкиот дом — Работничкиот универзитет — Скопје, со одлука бр. 01—1393/1 од 13. IX. 1967 година на советот на работната заедница се менува и гласи: Работнички универзитет „Кочо Рацин" — Скопје.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 86 од 20. IX. 1967 година. (1573)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите рег. бр. 440, страна 639, книга II е запишано следното: Фирмата на Републичкиот сточарски центар за селекција и вештачко осеменување — Скопје, согласно одлуката бр. 01—455 од 28. XII. 1966 година на работната заедница се менува и гласи:

Републички завод за унапредување на сточарството, селекција и вештачко осеменување — Скопје.

Досегашната дејност во иднина се проширува и со унапредување на сточарството и сточарското производство во СР Македонија по пат на научно-истражувачки и применувачки работи во процесите на сточарското производство и преку комплексно спроведување на најсовремените зоотехничко-ветеринарски, технички, превентивни, организационо-економски зафати и методи, како и научно-стручна соработка со сродни институции во Републиката, Федерацијата и други земји.

За научно-испитувачката и применувачката работа во областа на сточарството и сточарското производство, Заводот ползува свои лаборатории и тоа:

Лаборатории за испитување квалитетот и рандманот на волната, квалитетот и контрола на сточна, храна (смески и др.), производството и квалитетот на сперма и

лаборатории за испитување на квалитетот на млекото и количината на млечната маст во истото.

Основните задачи на Заводот се да врши:

научни испитувања во областа на сточарството а особено во селекцијата и репродукцијата;

применување на научните постигнувања од областа на сточарството во практиката;

проучување физиолошките ,биолошките и морфолошките својства на домашните животни, а посебно животните постанати со примена на крстосувањето и оплеменувањето;

го испитува квалитетот на волната преку овие лаборатории;

врши хемиски и други испитувања на крмивата;

го испитува квалитетот и количината на млекото и млечната маст во истото, и врши

биолошки и формолошки анализи и контрола на добиената сперма од машките расплодници, конзервирање и транспортирање на истата во ветеринарните станици и стопанските организации во СР Македонија;

врши научни испитувања во однос на генезата на спермата и други испитувања од оваа област;

води евиденција за резултатите од вештачко осеменување каде што се применува спермата од биковите и овните;

ги испитува и проучува причините по стерилитетот како и учествува во борбата за неговото сузбивање;

изработува сеинствени методи и упатства за работа на селекција кај сите видови добиток;

воведува единствено еднообразно матично книговодство и дава стручни напатствија за водење на истото;

изработува стандардни мерки по одделни видови приплоден добиток и систем по оценување на приплодната вредност во добитокот;

изработува методика за испитување и пренесување на продуктивните способности на машките расплодници на потомството (прогепитест);

се грижи за организацијата, производството и употребата на машките расплодници;

спроведува селекција на приплодниот добиток и предлага формирање на елитни матични апарати, како и испитување на продуктивноста;

води матично книговодство и евиденција на елитни и матични приплодни грла од странство или произведени во земјата;

води евиденција за ползување на увезените приплодни грла;

спроведува селекциони мерки во сточарството заради обезбедување на сточарските стопански организации и задругите со приплоден добиток и добиток за извоз;

изработува програми за узгојно-селекциона работа за сточарството и учествува во годишните прегледи за елитните, матични стада, како и учеството за годишните смотри;

издава стручни исправи за потеклото на елитните и матични грла (педигреа);

ги усклaдува акциите за оплеменување на расите и соевиот добиток, како и воведување на продуктивни раси;

објавува стручни анализи и изработува елаборати за квалитетен узгој и селекција на добиток во поедини реони во Републиката;

води евиденција на Центрите за вештачко осеменување, за обемот за осеменетите плоткињи, за размена на расплодниците, како и бројната состојба на истите;

разработува и предлага план за вештачко осеменување на добитокот за Републиката;

соработува во регулирањето на прометот на приплодниот добиток, јајцата и спермата за осеменувањe на плоткињите;

организира и изработува програма за републички изложби и саеми за приплодниот добиток;

учествува во избор и преглед на приплоден добиток за југословенски изложби и саеми;

се запознава со постигнувањата во сточарството во другите републики и странски земји што имаат развиено сточарство и врши посета на изложби во земјата и странство;

дава упатства и учествува во организирање и спроведување на технолошкиот процес за одгледување на ситен и крупен добиток;

учествува во изработката и одобрувањето на проектите за добиточни објекти како и нивна локација и адаптација на истите;

се грижи за стручно издигнување на кадрите од областа на сточарството и ветеринарството;

соработува во изготвување на производните планови и акционите програми од областа на сточарството во општинските собранија;

прави анализа во развитокот на сточарското производство;

врши договарање со поедини земјоделски организации или нивни здруженија за спроведување на поедини стручни зафати со цел да се подобри квалитетот и сточниот фонд;

врши промет со приплоден добиток, добиток за тов, репроматеријали, сточна храна и производи од земјоделско-сточарско производство, како и материјали потребни за производството на овие производи;

ја проучува патологијата и терапијата на новородените животни како и меститисите;

работи на создавање крмни смески за исхрана на домашни животни;

програмите за својата научна и стручна применувачка дејност ги координира со соодветни установи во Републиката;

издава публикации и врши популаризација на научните постигнувања од областа на сточарството,

проучува проблеми од организацијата на работата на производството и економиката на сточарското производство;

врши размена на стручњаци од сродни установи од земјата и странство.

Заводот може да обавува и други работи за унапредување на сточарството, кои не се предвидени во член 18, ако за тие задачи постои потреба и ако Заводот ги исполнува сите услови кои се бараат за извршување на таквите задачи.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 7 од 28. VII. 1967 година. (1301)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите рег. бр. 503, страна 49 е запишано следното: Медицинскиот центар во Кичево со решение бр. 02—3028/1 од 30. VI. 1967 година на Собранието на општината Кичево се става под присилна управа.

На досегашниот потписник на Медицинскиот центар — Кичево, д-р Богоја Чортаноски, директор, му престанува правото за потпишување, бидејќи е разрешен од должност.

За присилен управник на Медицинскиот центар — Кичево е назначен Димитрија Ристоски, кој центарот ќе го потпишува ,задолжува и раздолжува во границите на овластувањето со стариот регистриран потписник Трајче Цапески, шеф на сметководството, сметано од 14. VI. 1967 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 71 од 14. VIII. 1967 година. (1308)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 503, страна 49, книга III е запишано следното: На досегашниот потписник на Медицинскиот центар — Кичево, Велјановски д-р Стојмир, му престанува правото за потпишување, бидејќи е разрешен од должност.

